# Записник од осма седница на Совет на Општина Берово

Одделение за правни и општи работи

Одделение за правни и општи работи
Општина Берово

**З А П И С Н И К**

**Од осмата редовна седница на Советот на Општина Берово одржана на ден 03.05.2018 година во салата за состаноци на Општина Берово со почеток во 10 часот.**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Јован Матеничарски.

Од вкупно 15 советници на седницата присуствуваат 14 советници и тоа: Јован Матеничарски, Славица Фурнаџиска, Предраг Монев, Драган Мустачки, Гоце Ружински, Даниела Кржовска, Благица Русковска, Александар Чамовски, Фахрудин Мустафов, Емилија Пачемска, Јованка Василевска Петрушева, Јован Ковачовски, Герасим Гриовски и Горан Фидански (отсутен Влатко Буровски).

На седницата присуствуваше Градоначалникот на Општината Звонко Пекевски, раководителот на одделението за општи и правни работи Анита Рунтевски,Советникот за нормативно-правни и имотно-правни работи во одделението за правни и општи работи Емилија Ваканска,Бранка Шишовска-самостоен референт за подготовка на материјали за седница на совет и други работни тела,како записничар,Илија Рунтевски -директор на ЈПКР Услуга-Берово и Наташа Каламадевска-Виш соработник за утврдување на данок на промет на недвижности.

За работата на Советот за оваа седница Претседателот на Советот Јован Матеничарски го предложи следниот:

**ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Записник од 7-та Седница на Совет на Општина Берово;
2. О Д Л У К А за давање на согласност за аплицирање, проектен развој и имплементација на Проектот “Волонтери преку граница” од Интеррег -ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Р.Македонија и Р.Бугарија;
3. О Д Л У К А за давање на согласност за користење на опремата и материјалите од Проектот “Волонтери преку граница” од Интеррег -ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Р.Македонија и Р.Бугарија за целите на истиот, во период од најмалку 5 години по завршувањето;
4. О Д Л У К А за давање на согласност за аплицирање, проектен развој и имплементација на Проектот “Заштита на жителите од една планина долж две реки” од Интеррег -ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Р.Македонија и Р.Бугарија;
5. О Д Л У К А за давање на согласност за користење на ресурсите од Проектот “Заштита на жителите од една планина долж две реки” од Интеррег -ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Р.Македонија и Р.Бугарија за целите на истиот, во период од најмалку 5 години по завршувањето;
6. О Д Л У К А за прифаќање на донација дадена во добра и услуги за цели од јавен интерес, дадена од давателот Македонска Православна Црква – Струмичка Православна Епархија.
7. Р Е Ш Е Н И Е за избор на Командир на Полициска станица од општа надлежност Берово;

8. О Д Л У К А за усогласување на намените на урбанистички план за с.Русиново во однос на легализација на објекти надвор од дефиниран опфат на планот, за КП 1363, КО Русиново, по барање на Белчовски Иван;
9. О Д Л У К А за усогласување на намените на Урбанистички план за село Ратево во однос на легализација на објекти надвор од дефинираниот опфат на планот(лик. Сливница), на КП 2403 КО Ратево, по барање на Симеон Делипетров од Штип;
10. Предлог Одлука за зеленило;
11. Одлука за цени за оџачарски услуги и канализација што ги врши ЈПКР "Услуга" Берово;
12. Одлука за цени за услуга од работници за еден ефективен час, на ЈПКР "Услуга" Берово;
13. Одлука за дополнување на одлука за цени на погребалните услуги на ЈПКР "Услуга" Берово;
14. Одлука за цени за одржување на јавна чистота и паркови и зеленило на ЈПКР "Услуга" Берово;
15. Одлука за цени за вршење на услуги и одржување на градски стадион на ЈПКР "Услуга" Берово;
16. Одлука за надомест за издавање на одобрение за погреб на ЈПКР "Услуга" Берово;
17. Извештај за работа на ПС од ОН Берово за 2017 година;
18. Полугодишен Извештај за работа на ООУ "Дедо Иљо малешевски" Берово за учебната 2017/2018 година;
19. Годишен Извештај за работењето на Центарот за развој на Источен Плански Регион за 2017 година;
20. Годишен Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источниот Плански Регион 2015 – 2019 за 2017 година;
21. Барања од институции и граѓани;
22. Советнички иницијативи и прашања.

Претседателот на Советот Јован Матеничарски отвори расправа по предложениот дневен ред.За збор се јави Градоначалникот Пекевски и предложи за денешнава седница на Советот да се надополни со Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Домот на културата Димитар Беровски-Берово.Бидејќи друг не се јави за збор Претседателот го даде предлогот на усвојување.Со 14 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале,предлогот на Градоначалникот е прифатен и Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Домот на културата Димитар Беровски-Берово е усвоена.Претседателот Матеничарски предложи истата да биде дваесетипрва точка од дневниот ред. Претседателот Матеничарски ја затвори расправата и го даде на усвојување следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **Усвојување на Записник од 7-та Седница на Совет на Општина Берово;**
2. **О Д Л У К А за давање на согласност за аплицирање, проектен развој и имплементација на Проектот "Волонтери преку граница" од Интеррег -ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Р.Македонија и Р.Бугарија;**
3. **О Д Л У К А за давање на согласност за користење на опремата и материјалите од Проектот "Волонтери преку граница" од Интеррег -ИПА Програмата за прекугранична**

**соработка помеѓу Р.Македонија и Р.Бугарија за целите на истиот, во период од најмалку 5 години по завршувањето;**

4. **О Д Л У К А за давање на согласност за аплицирање, проектен развој и имплементација на Проектот “Заштита на жителите од една планина долж две реки” од Интеррег -ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Р.Македонија и Р.Бугарија;**
5. **О Д Л У К А за давање на согласност за користење на ресурсите од Проектот “Заштита на жителите од една планина долж две реки” од Интеррег -ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Р.Македонија и Р.Бугарија за целите на истиот, во период од најмалку 5 години по завршувањето;**
6. **О Д Л У К А за прифаќање на донација дадена во добра и услуги за цели од јавен интерес, дадена од давателот Македонска Православна Црква – Струмичка Православна Епархија.**
7. **Р Е Ш Е Н И Е за избор на Командир на Полициска станица од општа надлежност Берово;**
8. **О Д Л У К А за усогласување на намените на урбанистички план за с.Русиново во однос на легализација на објекти надвор од дефиниран опфат на планот, за КП 1363, КО Русиново, по барање на Белчовски Иван;**
9. **О Д Л У К А за усогласување на намените на Урбанистички план за село Ратево во однос на легализација на објекти надвор од дефинираниот опфат на планот(лик. Сливница), на КП 2403 КО Ратево, по барање на Симеон Делипетров од Штип;**
10. **Предлог Одлука за зеленило;**
11. **Одлука за цени за оџачарски услуги и канализација што ги врши ЈПКР “Услуга” Берово;**
12. **Одлука за цени за услуга од работници за еден ефективен час, на ЈПКР “Услуга” Берово;**
13. **Одлука за дополнување на одлука за цени на погребалните услуги на ЈПКР “Услуга” Берово;**
14. **Одлука за цени за одржување на јавна чистота и паркови и зеленило на ЈПКР “Услуга” Берово;**
15. **Одлука за цени за вршење на услуги и одржување на градски стадион на ЈПКР “Услуга” Берово;**
16. **Одлука за надомест за издавање на одобрение за погреб на ЈПКР “Услуга” Берово;**
17. **Извештај за работа на ПС од ОН Берово за 2017 година;**
18. **Полугодишен Извештај за работа на ООУ “Дедо Иљо малешевски” Берово за учебната 2017/2018 година;**
19. **Годишен Извештај за работењето на Центарот за развој на Источен Плански Регион за 2017 година;**
20. **Годишен Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источниот Плански Регион 2015 – 2019 за 2017 година;**
21. **Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Домот на културата Димитар Беровски-Берово**
22. **Барања од институции и граѓани;**
23. **Советнички иницијативи и прашања**

Од присутните 14 Советници со 14 гласови ЗА, ниту еден ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ, нема Советници кои не гласале, Советот го усвои предложениот дневен ред за работа на осмата седница на Советот на општина Берово со измените и дополнувањето.

***1. Усвојување на Записник од 7-та седница на Советот на Општина Берово***

Претседателот на Советот отвори расправа по првата точка од дневниот ред.Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот ја затвори расправата по првата точка од дневниот ред и Записникот од 7-та Седница на Советот на Општината го даде на гласање. Од присутните 14 Советници со 14 гласови ЗА, ниту еден ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ, нема Советници кои не гласале, Советот едногласно го усвои Записникот.

***2. Одлука за давање на согласност за аплицирање,проектен развој и имплементација на проектот Волонтери преку граница од Интеррег-ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Р.Македонија и Р.Бугарија***

Претседателот на Советот Јован Матеничарски отвори расправа.Збор зеде Наташа Каламадевска--Виш соработник за утврдување на данок на промет на недвижности.- во Општината која појасни дека се работи за проект за меѓугранична соработка помеѓу Р.Македонија и Р.Бугарија.Повикот е отворен до 11 мај и Општина Берово ќе аплицира со два проекти.Првиот,за кој водечки партиципиен е Општина Берово, се однесува на специјализирано возило за гаснење на пожари, чистење на снег со опрема за фрлање на песок и т.н.Проектот ќе трае 18 месеци-заврши Каламадевска.Збор побара советникот Предраг Монев кој се интересираше за финансискиот аспект на проектот.Во одговор Каламадевска истакна дека вкупната вредност на проектот е околу 400.000 евра од кои половина за општина Берово.Сопствено учество на Општината нема.Тоа е грант кој опфаќа возило и плата на тие што ќе управиваат со него.Возилото ќе биде во сопственост на општина Берово со тоа што ќе се дава на користење онаму кајшто е потребно-заврши Каламадевска.Збор зеде Градоначалникот Пекевски кој ја образложи неопходната потреба од такво возило и тежината на работата на Општината во тој дел во изминатиот период.Бидејќи друг не се јави за збор Претседателот Матеничарски ја стави на гласање втората точка од дневниот ред. . Од присутните 14 Советници со 14 гласови ЗА, ниту еден ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ, нема Советници кои не гласале, Советот едногласно ја усвои точката од дневниот ред.

3. ***Одлука за давање на согласност за користење на опремата и материјалите од Проектот "Волонтери преку граница" од Интеррег -ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Р.Македонија и Р.Бугарија за целите на истиот, во период од најмалку 5 години по завршувањето***

Претседателот отвори расправа.Збор зеде Наташа Каламадевска истакнувајќи дека за оваа точка е истото образложение од втората точка од дневниот ред потенцирајќи ја временската рамка од најмалку пет години по завршувањето на проектот Општината мора да води грижа за неговата функционалност и одржување.Друг не се јави за збор.Претседателот ја затвори расправата и Одлуката ја даде на гласање. Од присутните 14 Советници со 14 гласови ЗА, ниту еден ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ, нема Советници кои не гласале, Советот едногласно ја усвои третата точка од дневниот ред

***4. Одлука за давање на согласност за аплицирање, проектен развој и имплементација на Проектот "Заштита на жителите од една планина долж две реки"***

***од Интеррег -ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Р.Македонија и Р.Бугарија;***

Председателот на Советот отвори расправа.Збор зеде Наташа Каламадевска и реше дека се работи за втор проект за прекугранична соработка помеѓу Р.Македонија и Р.Бугарија,односно помеѓу општините Струмјани и Берово.Општина Струмјани ќе биде водечки партиципиент на овој проект,а се работи за уредување на речното корито на реката Брегалница,зидовите на речното корито,пешачка патека околу истото и осветлување.Вредноста е иста како и на претходниот проект 400.000 евра,по половина за двете општини и ке трае 24 месеци.Друг не се јави за збор.Претседателот ја затвори расправата и точката од дневниот ред и ја даде на гласање. Со 14 гласови ЗА, ниту еден ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ, нема Советници кои не гласале, Советот ја усвои четвртата точка од дневниот ред.

***5. Одлука за давање на согласност за користење на ресурсите од Проектот Заштита на жителите од една планина долж две реки од Интеррег-ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Р.Македонија и Р.Бугарија за целите на истиот,во период од најмалку 5 години по завршувањето***

Претседателот на Советот отвори дискусиуја по точката од дневниот ред.Известителот по точката Наташа Каламадевска рече дека образложението по оваа точка е исто како и по претходната со тоа што во периодот од пет години по завршувањето на проектот Општината треба да води грижа за негово одржување. Друг не се јави за збор.Претседателот ја затвори расправата и петата точка од дневниот ред ја даде на гласање. Со 14 гласови ЗА, ниту еден ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ, нема Советници кои не гласале, Советот ја усвои точката од дневниот ред.

***6. Одлука за прифаќање на донација дадена во добра и услуги зе цели од јавен интерес дадена од давателот Македонска Православна Црква-Струмичка Православна Епархија***

Претседателот Матеничарски отвори расправа.За збор се јави Градоначалникот Пекевски и појасни дека се работи за кантелабри за осветлување на патеката и дворното место на црквата Св.Богородица,-храмот е посетен и од домашните жители и од туристи и треба да се осветли.Кантелабрите се донација од МПЦ-Струмичка епархија,а осветлувањето ќе го покрие Општината,заврши Градоначалникот.Друг не се јави за збор.Претседателот ја затвори расправата и точката од дневниот ред ја даде на гласање.Со 14 гласови ЗА,нема ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Одлуката за прифаќање на донација во добра и услуги за цели од јавен интерес едногласно е усвоена.

***7. Решение за избор на Командир на Полициска станица од општа надлежност-Берово***

Претседателот отвори расправа.За збор се јави советничката Славица Фурнаџисла-координатор на советничката група на СДСМ и рече дека од предложената Листа на кандидати за избор на командир на Полициска станица од општа надлежност Берово од страна на Министерот за внатрешни работи и тоа Бранко Мазгански,Гоце Шишовски и Јованка Петровска советничката група го предлага Бранко Мазгански.Збор побара советникот Драган Мустачки и постави прашање до Претседателот на Советот зошто на втората листа не се истите кандидати како на

првата бидејки на првата листа имало само техничка грешка..Во одговор Претседателот Матеничарски рече дека на поставеното прашање неможе нда одговори бидејќи тоа е работа односно предлог од повисоко ниво.Советникот Предраг Монев рече дека Советот воопшто не е испочитуван бидејќи не се расправало ни по првата листа,односно занемарена е дискусијата за кандидатите од претходната листа.Затоа,продолжи Монев,советничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе биде воздржани при гласањето на еден од кандидатите. Бидејќи друг не се јави за збор Претседателот ја затвори расправата по седмата точка од дневниот ред и Предлогот на советничката Фурнаџиска Бранко Мазгански да биде избран за командир на ПС од општа надлежност е даден на гласање. Со 9 гласови ЗА, 5 ВОЗДРЖАНИ,нема ПРОТИВ,нема советници кои не гласале Бранко Мазгански е избран за командир на Полициска станица од општа надлежност Берово.

***8. Одлука за усогласување на намените на урбанистички план за с.Русиново во однос на легализација на објекти надвор од дефиниран опфат на планот за КП 1363,КО Русиново,по барање на Белчовски Иван***

Претседателот отвори расправа по точката од дневниот ред и повика едно одговорно лице од одделението за урбанизам да ја образложи одлуката.Збор зеде Верица Бошнаковска и рече дека конкретниот објект е вонплански опфат и согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање за да може да се легализира мора да има Одлука од Советот.Друг не се јави за збор.Претседателот ја затвори расправата и точката од дневниот ред ја даде на гласање.Со 5 гласови ЗА,8 ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале,Советот не ја усвои осмата точка од дневниот ред.

***9. Одлука за усогласување на намените на Урбанистички план за село Ратево во однос на легализација на објекти надвор од дефинираниот опфат на планот(лик.Сливница),на КП 2403 КО Ратево,по барање на Симеон Делипетров од Штип***

Претседателот Матеничарски отвори расправа.За збор се јави советничката Славица Фурнаџиска и во однос на точката од дневниот ред го постави прашањето до претставникот од одделението за урбанизам дали изработката на планската документација стигнала до некоја фаза.Во одговор раководителот на одделението за урбанизам Мишо Догазански рече дека за конкретниот случај сите цркви се под заштита и мора да има конзерваторски основи,а понатаму постапката оди на државно ниво.Црквите се надвор од ДУП и мора да има посебна Одлука од Советот за да може да продолжи постапката за легализација-заврши Догазански.Славица Фурнаџиска рече дека локалитетот е надвор од ДУП и е прецизирано самофинансирањето,но во состав на овие одлуки бараме и скица од која ке се види за кои објекти се работи.Друг не се јави за збор.Претседателот ја затвори расправата и Одлуката ја даде на гласање.Со 14 гласови ЗА,нема ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот ја усвои О Д Л У К А Т А за усогласување на намените на Урбанистички план за село Ратево во однос на легализација на објекти надвор од дефинираниот опфат на планот(лик. Сливница), на КП 2403 КО Ратево, по барање на Симеон Делипетров од Штип.

***10. Предлог Одлука за зеленило***

Претседателот на Советот Јован Матеничарски отвори расправа.За збор се јави Емилија Ваканска,советник за нормативно-правни и имотно-правни работи при општина Берово и рече дека

е донесен Закон за зеленило врз основа на кој Општината има надлежност да предложи на Советот да донесе Одлука за зеленило во која ќе биде содржано видот,формата,динамиката,временската рамка на зеленилото.Друг не се јави за збор.Претседателот ја затвори расправата и 10-тата точка од дневниот ред ја даде на гласање. Со 14 гласови ЗА,нема ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот ја усвои О Д Л У К А Т А за зеленило.

***11. Одлука за цени за оџачарски услуги и канализација што ги врши ЈПКР" Услуга" Берово***

Отворена е расправа.За збор се јави советникот Предраг Монев кој постави прашање до директорот на ЈПКР зошто ги нема претходноте цени за оџачарски услуги и канализација за да може да се направи споредба.Во одговор директорот Рунтевски рече дека за овие услуги нема никакво покачување на цената,но бидејки воопшто не е донесена никаква одлука досега,ЈПКР" Услуга" бара да се донесе одлука,додека цените остануваат исти како и претходно.Друг не се јави за збор.Претседателот ја затвори расправата по единаесетата точка од дневниот ред и истата ја даде на гласање. Со 14 гласови ЗА,нема ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот ја усвои О Д Л У К А Т А за цени на оџачарски услуги и канализација.

***12. Одлука за цени на услуга од работници за еден ефективен час на ЈПКР "Услуга "Берово***

Претседателот на Советот отвори расправа.Збор зеде директорот на ЈПКР Услуга Илија Рунтевски кој рече дека за сите видови на услуги освен за ровокопачот Советот нема донесено Одлука,а во секој налог за работа на секој вид на работа мора да стои и видот на работник и единечната цена на услугата.Бидејќи друг не се јави за збор Претседателот ја затвори расправата и точката од дневниот ред ја даде на гласање.Со 14 гласови ЗА,нема ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот едногласно ја донесе Одлуката за цени за услуга од работници за еден ефективен час.

***13. Одлука за дополнување на одлука за цени на погребални услуги на ЈПКР Услуга Берово***

Претседателот на Советот Јован Матеничарски отвори расправа по точката од дневниот ред.Директорот на ЈПКР Илија Рунтевски рече дека тоа е нова одлука,нови цени за дополнителни барања на граѓани за уредување на надгробното место.Друг не се јави за збор и Претседателот ја затвори расправата.Одлуката за дополнување на одлука за цени на погребални услуги на ЈПКР "Услуга" Берово ја даде на гласање. Со 14 гласови ЗА,нема ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот едногласно ја донесе тринаесетата точка од дневниот ред.

***14. Одлука за цени за одржување на јавна чистота и паркови и зеленило на ЈПКР" Услуга "Берово***

Претседателот отвори расправа.Одлуката ја образложи директорот на јавното претпријатие кој појасни дека ови цени за услуги се на повик на физички и правни лица,а истите не важат за Општината.Друг не се јави за збор.Претседателот ја затвори расправата и Одлуката ја даде на гласање.Со 14 гласови ЗА,нема ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници

кои не гласале Одлуката за цени за одржување на јавна чистота и паркови и зеленило на ЈПКР Услуга Берово едногласно е донесена.

***15. Одлука за цени за вршење на услуги и одржување на градски стадион на ЈПКР "Услуга "Берово***

Претседателот Матеничарски отвори расправа по точката од дневниот ред.Во своето образлочение директорот на ЈПКР Услуга Берово,Илија Рунтевски рече дека градскиот стадион и досега е одршуван од страна на јавното претпријатие, но нермало Одлука,а во налогот за работа мора да се води евиденција за секоја извршена работа.Друг не се јави за збор.Претседателот ја затвори расправата и точката од дневниот ред ја даде на гласање.Со 14 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот ја усвои Одлуката за цени за вршење на услуги и одржување на градски стадион на ЈПКР "Услуга" Берово.

***16. Одлука за надомест за издавање на одобрение за погреб на ЈПКР "Услуга"-Берово***

Претседателот отвори расправа.Збор зеде директорот на ЈПКР Берово кој рече дека оваа одлука е нова и надоместокот го плаќа Операторот за погребални услуги.Цената за одобрението е 200 денари по издадено одобрение вклучувајќи ги и неработните денови кога истото мора да се издаде.Друг не се јави за збор.Претседателот ја затвори расправата и точката ја даде на гласање. Со 14 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот ја усвои шеснаесетата точка од дневниот ред.

***17. Извештај за работата на ПС од ОН Берово за 2017 година***

Претседателот Матеничарски отвори расправа по точката од дневниот ред.Бидејќи никој не се јави за збор тој ја затвори расправата и Извештајот за работа на ПС од ОН Берово за 2017 година ја даде на гласање. . Со 14 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот го усвои Извештајот за работа на ПС од ОН Берово за 2017 година.

***18. Полугодишен извештај за работа на ООУ Дедо Иљо Малешевски-Берово за 2017/2018 година***

Претседателот отвори дискусија.Бидејќи никој не се јави за збор тој ја затвори расправата и точлата од дневниот ред ја даде на гласање.Со 14 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале, Советот го усвои Полугодишниот извештај за работа на ООУ Дедо Иљо Малешевски-Берово за 2017 година.

***19. Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источен Плански Регион за 2017 година***

Претседателот Јован Матеничарски отвори расправа.За збор се јави советничката Славица Фурнаџиска рече дека би било добро да имаме претходни Извештаи за да можеме да направиме спопредба.Од спроведените проекти општина Берово не била многи застапена,што значи дека за во иднина треба да се вложат напори за да се издејствуваат што поголем број на

проекти,заврши Фурнаџиска.Друг не се јави за збор.Претседателот ја затвори расправата и Извештајот го даде на гласање. Со 14 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот го усвои Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на Источно Плански Регион за 2017 година.

***20. Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Источниот Плански Регион 2015-2019 за 2017 година***

Претседателот отвори расправа по точката од дневниот ред.Бидејќи никој не се јави за збор тој ја затвори расправата и Годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источниот Плански Регион 2015-2019 за 2017 година ја даде на гласање. Со 14 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот ја усвои дваесетата точка од дневниот ред.

***21. Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Домот на културата" Димитар Беровски"-Берово***

Претседателот отвори расправа.За збор се јави советникот Предраг Монев со прашање и образлочение по одлуката и што е тоа што се менува во Статутот на Домот на Културата.Појаснивање по Одлуката даде Анита Рунтевски –раководисел на одделениeто за правни и општи работи која рече дека се менуваат условите за избор на директор на Домот на културата во согласност со Законот за култура,па аналогно на тоа мора да има промени и во Статутот.Бидејќи друг не се јави за збор претседателот ја затвори расправата и точката од дневниот ред ја даде на гласање.Со 14 гласови ЗА,ниту еден ПРОТИВ,нема ВОЗДРЖАНИ,нема советници кои не гласале Советот едногласно ја усвои Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Домот на културата-Берово.

***22. Барања од институции и граѓани***

**Барање од Иницијативен одбор-с.Будинарци-Љупчо Чутревски**

Советот на Општина Берово на седницата одржана на 03.05.2018 година го разгледа Вашето барање број 09-1499/1 од 03.05.2018 година и донесе Заклучок истото да се препрати до Одделението за комунални дејности и заштита на животна средина при Општина Берово да истото во соработка со ЈПКР "Услуга" Берово ги преземе потребните дејствија за решавање на проблемите во с.Будинарци, по наведените точки од барањето,

**Барање од фудбалски клуб Русиново-с.Русиново**

Во врска со Вашето барање за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година за подршка и развој на спортот и спортските активности на фудбалскиот клуб "Русиново" од с.Русиново, Ве известуваме дека Советот на Општина Берово на седницата одржана на 03.05.2018 година го разгледа Барањето и констатира дека во Програмата за развој на спортот не се предвидени доволно средства така да во моментот неможеме позитивно да одговориме на истото.

При првиот ребаланс на Буџетот на Општината средствата во Програмата за спорт ќе бидат зголемени, а со тоа ќе се создаде можност и за финансирање на Фудбалскиот клуб.

**Барање од група граѓани-Селим Арифовски**

Советот на Општина Берово на осмата седница на Советот која се одржа на 03.05.2018 година го разгледа Вашето Барање бр.08-1403/1 од 23.04.2018 година.

Со оглед на фактот што прашањето од дописот најверојатно (во Барањето не е напишано што се бара) се однесува на пробивање на улица произнесување на ,Советот го достави Барањето до одделението за урбанизам и го задолжи истиот соответно да одговори на Вашето Барање.По добивање на одговор на истото ќе ви биде одговорено.

**Барање од Црковен одбор – с.Будинарци**

Во врска со Вашето барање број 09-1478/1 од 02.05.2018 година за одобрување на финансиски средства за реконструкција на црквата Св.Ѓорѓи,Советот на Општина Берово на седницата одржана на 03.05.2018 година го разгледа Вашето барање и констатира дека истото треба да го дополните со предмер,пресметка,жиро-сметка,сопствено учество на средства,за да може да се донесе Одлука за одобрување на средства за наведената намена,односно Барањето да се докомплетира со потребната документација.

**Барање од ОФК МАЛЕШ – Берово**

Во врска со Вашето барање број 09-1486/1 од 02.05.2018 година за одобрување на еден компјутер и еден печатач за извршување на обврските за фудбалските натпревати кои ќе се играат на домашен терен,Советот на Општина Берово на седницата оджана на 03.05.2018 година го разгледа Вашето барање и го овласти Градоначалникот на Општината да ја преиспита состојбата од слободен компјутер и печатач во сопственост на Општината (тие во Бизнис инкубаторт не се сопственост на Општина Берово) и доколку има,истиот Ви биде преотстапен без надоместок за временски период од два месеци.

***23.Советнички иницијативи и прашања***

**Советничко прашање од советникот Драган Мустачки**

На претходното прашање ми е навреме одговорено. Доставениот одговор е надвор од поставеното прашање,тоа е првиот момент,а вториот, барам појаснување,дали е потребен Годишен план за вработување за именување на Секретар на Општината.

Во одговор Градоначалникот на Општината рече дека Секретар може да се превземе и од друг орган на државната управа.Секретар не е назначен бидејќи Општината е блочирана,финансиски нестабилна и ценам дека тоа е само дополнителен товар (64.000 ден. бруто плата).На седница на ЗЕЛС понудивме измена на Законот,но ако сметате дека именувањето е законска категорија јас ќе назначам секретар иако тоа предизвикува нови средства кои Општината реално ги нема.Ќе имаме измена во Правилникот за систематизација бидејќи истиот реално не одговара на потребите на Општината.Како пример во одделението за јавни дејности има машински инжинери,заврши Градоначалникот Пекевски.

Драган Мустачки-Барам Законот да се испочитува.

**Советничко прашање од советникот Предраг Монев**

Прашањето го поставувам до Градоначалникот.До каде е постапката со пуштањето на градската капела.

Во одговор Градонашалникот рече дека имотното прашање сеуште не е решено и доколку се обезбедат потребните документи на една од наредните седници ќе се донесе Одлука за преотстапување на истата на ЈПКР.

Во една од претходните седници стана збор кога има прекоп на улица и е направена штета,лицето кое ја направило штетата да ја санира.На посочената улица уште пред 6-7 месеци е направен прекоп,а штетата не се санирана.

Во одговор Градоначалникот рече дека лично нема да дозволи да се прекопуваат улиците,а наведената улица,ако е наша обврска,ќе ја санираме при првото крпење на дупки.

**Советничко прашање од советникот Емилија Пачемска**

Дали треба согласност од Општината за користење на просториите во Бизнис инкубаторот за уличишни цели.

Треба да се достави барање до Општината со термин и дата и сите единки- корисници kе ги користат просториите без надомест.

Дневниот ред беше исцрпан,а со тоа и седницата беше затворена.Седницата заврши во 14 часот.

** Усвоен на ден 29.05.2018 година*

Бр.09-1763/1
29.05.2018 година
Берово

| | | |
|---|---|---|
| *Записничар,*<br>*Бранка Шишовска* | | *Претседател на Совет,*<br>*Јован Матеничарски* |
| ____________________ | М.П. | ____________________ |
| (*потпис)* | | *(потпис)* |